## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

последна промена на 28.12.2018 година

**ново: сметководствен третман на надоместот согласно Одлуката за задолжителна резерва**

**Ставови на Народната банка на Република Македонија во врска со одделни прашања поврзани со примената на Одлуката за Сметковниот (контниот) план за банките („Службен весник на РМ" бр. 81/11, 152/11, 110/13, 141/16, 83/2017, 96/17 и 142/18):**

| **тема:** | **Примена на сметковниот план, генерални прашања** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 5 |
| Прашање: | Во Одлуката за Сметковниот план за банките е наведено дека „Одредбите од оваа одлука се применуваат и на филијалите на странските банки, на штедилниците во Република Македонија и на Народната банка на Република Македонија". Одлуката за аналитички сметки .... којашто важи до 01.01.2009 се укинува и затоа се јавува дилема по кој сметковен план ќе се води сметководството во финансиските институции (конкретно, брокерски куќи)? Досега ниту Министерството за финансии, ниту Комисијата за хартии од вредност немаат објавено никаква информација. |
| Одговор: | Народната банка не е овластена за сметководствените прописи за брокерските куќи. |
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 6 |
| Прашање: | Во рамките на групите 53 - Депозити во денари и 55 - Депозити во денари со валутна клаузула, има сметки 5352 и сметка 5552 – Штедилници, што подразбира можност за банките да имаат депозити во штедилници. Според сегашната законска регулатива не е дозволено банките да пласираат депозити во штедилници? |
| Одговор: | Согласно со тековната регулатива, овие сметки нема да се применуваат. |
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 21 |
| Прашање: | На која сметка се прикажува исправката на вредноста на сомнителната главница (во новиот Сметковен план е предвидена сметка само за нефункционалната камата)? |
| Одговор: | Исправката на вредноста на сомнителната главница по кредити и пласмани се |

| | |
|---|---|
| | прикажува на соодветните сметки во рамки на класата 5, во зависност од секторската класификација на клиентите. |
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 22 |
| Прашање: | Дали резервацијата, т.е. книжењето на потенцијалните загуби по пласмани треба да се прави по категории (А-Д)? |
| Одговор: | Во Одлуката за управување со кредитниот ризик е регулирано утврдувањето на исправката на вредноста и на посебната резерва на поединечна и на групна основа. По извршената класификација на изложеноста на кредитен ризик, банката ја оценува потребата и соодветно врши исправка на вредноста на активните билансни побарувања, односно издвојува посебна резерва за активните вонбилансни побарувања. Банката, за свои потреби, може да развие соодветни аналитички сметки за исправка на вредноста/посебната резерва, за секоја одделна категорија на ризик. |
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 7 |
| Прашање: | Молиме да нè известите дали банките имаат обврска недостасаните побарувања и обврски да ги евидентираат во главната книга по рочност, доколку можат да ги обезбедат истите податоци преку други извештаи. |
| Одговор: | Согласно Одлуката за сметковниот план за банките, банките се должни да го применуваат пропишаниот Сметковен план за банките за евидентирање на активностите коишто ги извршуваат. Банките се должни недостасаните побарувања и обврски со одредени периоди на достасување да ги евидентираат на пропишаните сметки во Сметковниот план, според првично договорениот датум на достасување, што значи дека банките имаат обврска да ги евидентираат недостасаните побарувања и обврски во главната книга по договорната рочност. |

| **тема:** | **Примена на сметките од аспект на класификација според институционални сектори** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година<br>измена на 8.1.2014 година |
| прашање бр.: | 5 |
| Прашање: | Во банката се отворени и се водат трансакциски сметки на банки во стечај и ликвидација, кај кои во Решението за упис на промена од редовно работење во работење во стечај, односно ликвидација не е променет организацискиот облик 06.1, доделен при основањето на банката.<br><br>Се поставува прашањето, во кој сектор/потсектор/сметководствена сметка, согласно со новиот сметковен план и секторизација, треба да се евидентираат банките во стечај, односно во ликвидација? |
| Одговор: | Банката, согласно со Водичот за класификација според институционални |

| | |
|---|---|
| | сектори, треба да ги класифицира банките во стечај во секторот „Нефинансиски друштва", потсектор „Приватни нефинансиски друштва". |
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 6 |
| Прашање: | Во Водичот за класификација според институционални сектори не се препознава каде се класифицирани куќните совети коишто се регистрирани како правни субјекти, со организациски облик 13.9.<br><br>Со оглед на тоа дека во Банката има голем број трансакциски сметки на куќни совети, се поставува прашањето, во кој сектор/потсектор/сметководствена сметка треба да се евидентираат тие? |
| Одговор: | Банката, согласно со Водичот за класификација според институционални сектори, треба да ги класифицира куќните совети во секторот „Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата". Оттука, банката може да ги евидентира трансакциските сметки на куќните совети на сметката 802 - „Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата". |
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 7 |
| Прашање: | Во Банката се водат трансакциски сметки на Фондот за води и Фондот за магистрални и регионални патишта - дебитна сметка со организациски облик 11.9.<br><br>Со оглед на тоа дека во Водичот за класификација според институционални сектори не се препознаваат овие фондови, се поставува прашањето, на која сметководствена сметка треба да се евидентираат тие? |
| Одговор: | Банката, согласно со Водичот за класификација според институционални сектори, треба да ги класифицира Фондот за води и Фондот за магистрални и регионални патишта во секторот „Држава", потсектор „Централна влада". Оттука, трансакциските сметки на овие фондови треба да се евидентираат на сметката 8010 - „Централна влада". |
| датум на објавување на одговорот: | 23.8.2018 година |
| прашање бр.: | 8 |
| Прашање: | Во „Службен весник на Република Македонија" бр. 142/18 се објавени измени на прилогот 2 „Водич за класификација според институционални сектори" и на прилогот 1 „Сметковен план" кон Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките. Ве молиме за насоки, дали треба сите состојби на Фондот за осигурување на депозитите во сметководствената евиденција на банката да се прекнижат на соодветни сметки? |
| Одговор: | Комисијата за подготовка на секторизацијата на деловните субјекти по |

| | |
|---|---|
| | институционални сектори, меѓуинституционално тело во кое членуваат Државниот завод за статистика, Народната банка на Р. Македонија, Министерството за финансии и Централниот регистар, донесе одлука за прекласифицирање на Фондот за осигурување на депозитите (ФОД) од секторот „финансиски друштва", во секторот „држава", потсектор „централна влада". Заради усогласување со новата секторска припадност на ФОД, во Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките се направи дополнување на прилогот 1 „Сметковен план" со сметката „80109 - тековни сметки на други институционални единици на Централната влада", којашто специфично недостасуваше и соодветно се измени прилогот 2 „Водич за класификација според институционални сектори".<br><br>Банката треба, на датумот на стапување во примена на измените и дополнувањата на прилозите 1 и 2 кон Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките, да ги прекниже сите состојби/салда од трансакции со ФОД, како и во иднина, сите евентуални трансакции со ФОД да ги евидентира на соодветните сметки од Сметковниот план во рамки на секторот „држава", потсектор „централна влада". |

| **тема:** | **Евидентирање на сметките за недостасани побарувања според договорениот датум на достасување** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 13 |
| Прашање: | Ако одредено побарување врз основа на кредит е првично одобрено на 6 месеци и се прави анекс на договор на рок од 9 месеци, дали сметката на побарувањето според рочноста треба да се промени и од сметката за кредити до 6 месеци да оди на сметката до 9 месеци? |
| Одговор: | Согласно со Одлуката за Сметковниот план за банките, банките се должни недостасаните побарувања и обврски со одредени периоди на достасување да ги евидентираат на пропишаните сметки во Сметковниот план според договорениот датум на достасување. Оттука, одредено побарување со првична рочност од 6 месеци треба да се евидентира на соодветните сметки за евидентирање на побарувањата, односно на сметките „Од три месеци до една година". Во моментот на промена на договорните услови на побарувањето, на пример, промена на рокот на достасување на 9 месеци, побарувањето ќе остане евидентирано на истите сметки. Доколку пак, рокот на достасување се промени на 18 месеци, во тој случај побарувањето треба да се евидентира на сметките „Од една до две години", согласно со новата договорна рочност. |

| **тема:** | **Примена на сметките за достасани побарувања - до 30 дена и над 30 дена** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 8 |

| | |
|---|---|
| Прашање: | Кога треба да се префрлат побарувањата на сметките за достасани побарувања - на денот на достасувањето или на денот по истекот на датумот на достасување? (на пр., ако во амортизацискиот план датумот на достасување е 31. мај, дали треба да се префрлат на 31. мај на сметките за достасани побарувања, или на 1. јуни?)<br><br>Согласно со Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките, под рок на достасување се подразбира последниот ден на кој комитентот бил должен да плати одреден износ на пари, согласно со склучениот договор со банката. По истекот на овој рок, побарувањето се смета за достасано.<br><br>И покрај тоа што одредбата за достасаност била иста и во досегашната регулатива, досегашна практика на банките беше да ги префрлаат побарувањата на достасани на денот на достасување, или во претходниот примерот, на 31. мај, а не на 1. јуни.<br><br>Имајќи го предвид изнесеното, од кога треба да започне пресметката на затезна камата? |
| Одговор: | Согласно Одлуката за Сметковниот план на банките, банките се должни да ги пренесат достасаните ненаплатени побарувања на сметките за достасани побарувања на датумот на достасување. Според Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките, во моментот на целосното или делумното достасување на побарувањето, делот којшто е достасан се пренесува на сметките за достасани побарувања. Оттука, кредитот што достасува на 31. во месецот, на истиот датум ќе се евидентира на сметките за достасани побарувања - до 30 дена. Банката треба да пресметува затезна камата во согласност со Законот за облигациони односи. Автентично толкување на тој закон дава соодветна комисија при Собранието на Република Македонија. |
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 9 |
| Прашање: | Потребно е точно утврдување на пресметката на бројот на денови на доцнење. Дали ќе може, односно дали ќе треба една партија да има дел за кој доцнењето е до 30 дена и друг дел за кој доцнењето е над 30 дена, ако се насоберат два неплатени ануитета. |
| Одговор: | Во Сметковниот план, во зависност од доцнењето, се предвидени следниве сметки за евидентирање на достасаните побарувања по кредити: „Достасани - до 30 дена" и „Достасани - над 30 дена". Оттука, еден дел од побарувањата од една кредитна партија можат да бидат евидентирани на сметките на кои се евидентираат достасаните побарувања до 30 дена, а друг дел - на сметките на кои се евидентираат достасаните побарувања над 30 дена. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на залихата на јубилејни златници наменети за продажба** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | На која сметка ќе се евидентира залихата на јубилејни златници наменети за продажба? |
| Одговор: | Залихата на јубилејни златници наменети за продажба треба да се евидентира на сметката 037 - Залиха на ковани пари за продажба. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на недвижностите преземени врз основа на ненаплатени побарувања** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 6 |
| Прашање: | Во сметковниот план не се отворени сметки ниту во активата, ниту во класата 6 за вложувања во недвижности, согласно со МСС 40. Односно, ве молиме да ни го појасните сметководствениот третман на недвижностите преземени врз основа на ненаплатени побарувања коишто се издадени под наем. Каде треба да се евидентираат и како да се мерат? Дали во согласност со МСС 40 според моделот на набавната вредност или според моделот на објективната вредност, или на друг начин? |
| Одговор: | Во Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи се содржани критериуми за класифицирање, мерење, признавање и обелоденување на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања. Подетални насоки за начинот на евидентирање и вреднувања на овие средства се пропишани во Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања. Средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања коишто се издадени под наем треба да се евидентираат на соодветни аналитички сметки во рамки на групата 06 - Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања, а приходот од наемот да се евидентира на посебна аналитичка сметка во рамки на група 688 - Други приходи. |

| **тема:** | **Евидентирање на трошоци на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, настанати после датумот на преземање** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 8.1.2014 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | Со Упатството за спроведување на Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања во делот на објаснувањето на правилата на примена на извештаите се наведува дека нето вредноста на преземеното средство се зголемува за износот на даноци и други слични трошоци. При тоа, во Одлуката |

| | |
|---|---|
| | за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања е дефинирано дека нето вредноста на преземеното средство ја претставува почетната сметководствена вредност намалена за вкупниот износ на оштетувањето, а под почетна сметководствена вредност се подразбира помалиот износ од проценетата вредност важечка на датумот на преземање и набавната вредност на преземеното средство. Со измената на сметковниот план (од август 2013 година), описот на сметката 06х1 од „Набавна вредност" се измени во „Почетна сметководствена вредност".<br>Ве молиме да ни потврдите дали сметката 06х1 - „Почетна сметководствена вредност" може да се користи за евидентирање и на трошоците поврзани со преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања кои настануваат после датумот на преземањето (како што се данокот на промет на недвижности, инвестиции во средствата и сл.). |
| Одговор: | Трошоците поврзани со преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, коишто настануваат после датумот на преземањето и коишто ги исполнуваат условите да бидат признаени како нетековно средство, треба да се евидентираат на сметката 06х1 - „Почетна сметководствена вредност". |

| **тема:** | **Примена на сметката 1000 - „Сметка на банката"** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 11 |
| Прашање: | Што се евидентира на сметката 1000 - „Сметка на банка"? |
| Одговор: | На сметката 1000 - „Сметка на банка", се прикажуваат средствата на банките на сметката којашто се води во МИПС, како и средствата на сметката на штедилница којашто се води кај банка. |

| **тема:** | **Парични средства во Гарантниот фонд на Централниот депозитар за хартии од вредност** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 07.02.2011 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | Согласно измените во „Законот за хартии од вредност", членот 66-а пропишува дека Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје формира Гарантен фонд, кој го сочинуваат уплатите од сите членки на депозитарот кои ги користат услугите на порамнување.<br><br>Согласно правилата за формирање и начинот на користење на Гарантниот фонд донесени од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност, средствата на Гарантниот фонд ќе се користат за подмирување на обврските на членките на Депозитарот во случај кога на специјалната сметка на членката на Централниот депозитар за хартии од вредност во НБРМ за парично намирување на обврските по основ на склучените трансакции со хартии од вредност нема доволно средства, односно доколку своите обврски не ги исполнат во роковите утврдени со Правилата за работа на Депозитарот. Депозитарот може средствата да ги орочи на рок не подолг од 6 месеци, а по истекот на тој рок може и повторно да ги орочува. Каматата на средствата добиена од орочување |

| | |
|---|---|
| | се користи за зголемување на Гарантниот фонд. Со средствата во Гарантниот фонд, Депозитарот единствено управува, а истите се сопственост на членките на Депозитарот кои ги вршат уплатите.<br><br>Се обраќаме до вас со цел да ни помогнете правилно сметководствено да ја евидентираме извршената уплата на средствата во Гарантниот фонд. Имено во постојниот Сметковен план не можевме да утврдиме соодветна сметка за нејзино евидентирање бидејќи според суштината цениме дека уплатата би требало да се евидентира на сметка за ограничен депозит во финансиска институција, за што во Сметковниот план не е предвидена сметка. Ве молиме да ни посочите сметка на која би требало да ја евидентираме извршената уплата на средствата во Гарантниот фонд на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. |
| Одговор: | Банките треба да ги евидентираат средствата уплатени во Гарантниот фонд на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во рамки на сметката 134 - „Ограничени депозити во други банки во денари (користењето зависи од условите)“. |

| **тема:** | **Сметководствен третман на надоместот согласно Одлуката за задолжителна резерва** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 28.12.2018 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | Со Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителна резерва донесена од страна на Народната банка во октомври 2018 година а која се однесува на задолжителната резерва за деловните банки којашто се одржува во евра, од ноемврискиот период предвидено е да се утврдува надомест на задолжителната резерва во евра, при што висината на надоместот ќе биде директно поврзана со каматната стапка на расположливиот депозит преку ноќ на Европската централна банка. Воедно, согласно со оваа одлука, се менува пресметката на надоместот што банките го плаќаат на вишокот издвоени средства над задолжителната резерва на девизната сметка во евра во МИПС, при што тој ќе се утврдува по стапка еднаква на каматната стапка на расположливиот депозит преку ноќ на Европската централна банка, намалена за 0,15 процентни поени.<br>Ве молиме за ваш став на која книговодствена сметка (сметка за надомест или сметка за камата) ќе се евидентира надоместокот со оглед на тоа што има елементи на негативна камата и врз основа на кој документ ќе се врши плаќањето на истиот. |
| Одговор: | Надоместот на задолжителната резерва во евра утврден согласно Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/16, 218/16, 138/17, 189/17 и 198/18), банките треба да го евидентираат како камата во Билансот на успех и во Билансот на состојба, на соодветните сметки во рамки на групите сметки за камата. Притоа, доколку во одреден период пресметката се темели на негативна каматна стапка, банките ќе ја евидентираат каматата на соодветните сметки од Билансот на успех за расходи за камата и на соодветните сметки од Билансот на состојба за обврски врз основа на камата. Во периодите кога пресметката ќе се темели на позитивна |

| | |
|---|---|
| | каматна стапка, банките ќе ја евидентираат каматата на соодветните сметки за приходи и побарување врз основа на камата.<br>Народната банка на Република Македонија до секоја банка поединечно испраќа авторизирана свифт порака MT299 со која се известува за износот на надоместот кој се однесува за секој одделен период на исполнување на задолжителната резерва, како и датумот на кој надоместот ќе биде наплатен од банката. |

| **тема:** | **Евидентирање на вложувањата во хартии од вредност** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 4 |
| Прашање: | Каде треба да се евидентираат вложувањата во хартии од вредност во друштва чиј капитал е номиниран во странска валута, на сметките од класа 3 или на сметките од класа 4? |
| Одговор: | На сметките 36, 37 и 39 од Сметковниот план за банките се евидинтираат вложувањата на банката во странска валута во субјекти регистрирани надвор од Република Македонија чијшто капитал е номиниран во странска валута, како и оние вложувања во субјекти регистрирани во Република Македонија, а коишто се тргуваат на берзи надвор од Република Македонија и за коишто банката ја добива/црпи информацијата за објективната вредност на вложувањето од странската берза (информацијата за објективната вредност е во странска валута). Вложувањата на банката во субјекти регистрирани во Република Македонија, чијшто капитал е номиниран во странска валута, а коишто се тргуваат на Македонската берза и за коишто банката ја добива/црпи информацијата за објективната вредност на вложувањето од македонската берза (информацијата за објективната вредност е изразена во денари), банката треба да ги евидентира на соодветна сметка во рамки на сметките 40, 41 или 43. |
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 5 |
| Прашање: | Зошто во Сметковниот план се дадени сметки за хартии од вредност и други финансиски инструменти во странска валута за домашни субјекти? |
| Одговор: | Согласно со Законот за хартии од вредност, номиналната вредност на хартиите од вредност може да биде изразена во денари или во странска валута. Евидентирањето на сметките за хартии од вредност и други финансиски инструменти во странска валута за домашни субјекти треба да биде во согласност со насоките содржани во одговорот на прашање бр. 4 (види погоре). |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на вложувањата на банките во сопственички хартии од вредност** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |

| | |
|---|---|
| прашање бр.: | 16 |
| Прашање: | На која сметка од новиот сметковен план за банките треба да се евидентираат вложувањата на банките во Клириншки Интербанкарски Системи („КИБС") и во Централниот депозитар за хартии од вредност („ЦДХВ")? |
| Одговор: | Вложувањата на банките во КИБС и во ЦДХВ треба да се евидентираат на сметката 41552. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на вложувањата на банките во должнички хартии од вредност** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 17 |
| Прашање: | Дали е најисправно благајничките и државните записи со рок на достасаност до 3 месеци, како инструменти коишто Банката ги користи за управување со ликвидноста на Банката и како хартии од вредност коишто се на листата на хартии од вредност за спроведување монетарни операции, да се третираат и сметководствено да се евидентираат како хартии од вредност (инструменти на пазар на пари) за тргување. Доколку и државните континуирани обврзници при стекнувањето ги намениме за тргување, дали и тие ќе се третираат како инструменти на пазарот на пари или како останати должнички инструменти? |
| Одговор: | Третманот на финансиските средства зависи од намерата на банката за што тие ќе се користат. Финансиските средства може да се класифицираат како: финансиски средства чувани за тргување, финансиски средства коишто се чуваат до достасување, финансиски средства расположливи за продажба или финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех. Оттука, благајничките записи и државните записи, доколку банката при стекнувањето ги наменила за тргување, треба да ги евидентира на сметките 40500 и 40100, соодветно. Државните континуирани обврзници се со рок на достасување над една година и банката треба да ги евидентира на соодветните сметки за останати должнички инструменти, во категоријата на финансиски инструменти, согласно со намената за која банката ги стекнува. |
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 18 (поврзано со прашање бр. 19) |
| Прашање: | На кои сметки треба да се евидентираат пласманите во благајнички и државни записи коишто се со рок на достасување до 90 дена и коишто Банката ќе се одлучи да ги вклучи во категоријата „парични средства и парични еквиваленти"? |
| прашање бр.: | 19 (поврзано со прашање бр. 18) |
| | Благајничките записи како краткорочни побарувања, високоликвидни вложувања со рок на достасаност до три месеци или помалку, од датумот на стекнување треба да се вклучат во парични еквиваленти по МСС 7 или поглавје 3.1 - „Парични средства и парични еквиваленти" од Методолгијата и тие треба да се евидентираат во рамките на групата 10 од сметките на Сметковниот план - „Парични средства и парични еквиваленти во денари, злато и благородни |

| | |
|---|---|
| | метали", за што не е предвидена сметка во Сметковниот план. Кој е Вашиот став за третманот на благајничките записи и како да ги квалификуваме нив? |
| Одговор на прашањата 18 и 19: | Банката ќе ги евидентира благајничките или државните записи на сметките 40500, 40100, 41500, 41100, 42500, 42100, 43500 или 43100, согласно со намерата за нивното користење во моментот на купување. За потребите на изготвување на финансиските извештаи на одреден датум, оние благајнички и државни записи коишто ги исполнуваат одредбите за парични еквиваленти од поглавјето 3.2 од Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи, банката треба да ги прикаже во белешката 18 - „Парични средства и парични еквиваленти" од финансиските извештаи. |

| **тема:** | **Евидентирање на хартиите од вредност коишто се чуваат до достасување (должнички хартии од вредност) и расположливи за продажба** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | Во Сметковниот план, за хартиите од вредност и други инструменти коишто се чуваат до достасување пропишани се одделни сметки за набавна вредност, премија, дисконт и акумулирана амортизација. Прашањето, конкретно, се однесува на тоа што во случај на купување должнички хартии од вредност со дисконт, што ќе се книжи на сметката за дисконт, а што на сметката за акумулирана амортизација, односно во случај на купување со премија, што ќе се книжи на сметката за премија, а што на сметката за акумулирана амортизација?<br><br>За хартиите од вредност и други инструменти расположливи за продажба во Сметковниот план пропишана е и одделна сметка за акумулирана амортизација. Практично, ова портфолио речиси во целост (освен усогласувањето со објективната вредност) се приближува до портфолиото коешто се чува до достасување. Дилемата кај ова портфолио е повторно во врска со тоа, што да се евидентира на сметката за акумулирана амортизација, понатаму која сметка ќе се усогласува со објективната вредност и што ќе се случи при продажба, односно дали значи дека е потребно да се одзема од портфолиото пропорционален дел од секоја сметка? |
| Одговор: | Согласно со Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и подготовка на финансиските извештаи, финансиските средства, односно хартиите од вредност класифицирани како чувани до достасување се мерат според амортизираната набавна вредност и соодветно сметководствено се евидентираат. Во случај на купување должнички хартии од вредност со дисконт, на сметките за дисконт се евидентира износот на добиениот дисконт при купувањето на хартијата од вредност, а останатите провизии и надомести коишто се составен дел од ефективната камата (ако ја има), како и трансакциските трошоци што се директно поврзани со трансакцијата, односно директно зависните трошоци (ако ги има), се евидентираат на сметките за акумулирана амортизација. При купување |

| | |
|---|---|
| | корпоративна обврзница, којашто банката ја класифицира како чувана до достасување, банката ќе ги евидентира:<br>- номиналниот износ на обврзницата - на сметката 42xxx0, 48xxx0, 38xxx0 - „Номинална вредност";<br>- износот на директните зависни трошоци коишто се составен дел на ЕКС - на сметката 42xxx9, 48xxx9, 38xxx9 - „Акумулирана амортизација";<br>- износот на добиениот дисконт при купувањето обврзница - на сметката 42xxx2, 48xxx2, 38xxx2 - „Дисконт".<br><br>Доколку, банката ги купи хартиите од вредност класифицирани како чувани до достасување по цена повисока од номиналната вредност, на сметките за премија (42xxx1, 48xxx1, 38xxx1) соодветно ќе ја евидентира премијата. На сметките за акумулирана амортизација ќе се евидентираат останатите провизии и надомести коишто се составен дел од ефективната камата, како и трансакциските трошоци што се директно поврзани со трансакцијата.<br><br>Согласно со Методологијата, хартиите од вредност и другите финансиски инструменти во денари расположливи за продажба се мерат според објективната вредност. Кај овие хартии од вредност, на сметките за акумулирана амортизација, банката ги евидентира директно зависните трошоци, со исклучок на дисконтот и премијата (коишто се земаат предвид при пресметката на ЕКС, но сметководствено се евидентираат на посебни сметки од сметковниот план). При последователното мерење, овие финансиски средства се мерат според објективната вредност. Притоа, промените во објективната вредност се еднакви на разликата помеѓу тековната пазарна/објективна вредност и амортизираната набавна вредност (кај должничките хартии од вредност). Значи, банката треба да има евиденција и на амортизираната набавна вредност за должничките хартии од вредност класифицирани како расположливи за продажба (врз основа на која, во одделни пресметковни периоди, ќе го разграничува и ќе го евидентира приходот врз основа на камата (еднаков на збирот од номиналната камата и разграничувањето на премијата, дисконтот и акумулираната амортизација)) и на објективната вредност. Промените во објективната вредност (утврдени како разлика помеѓу амортизираната набавна вредност и тековната објективна вредност) се евидентираат на сметката 9051 - „Ревалоризациски резерви и останати разлики од вреднување/Разлики од вреднувањето на средствата расположливи за продажба" и на сметките за промени во објективната вредност (41xxx5, 47xxx5 или 37xxx5). При продажбата на овие средства треба соодветно да се раскниижи и акумулираната амортизација којашто се однесува на средството.<br><br>Исто така, вложувањата во хартии од вредност коишто се чуваат до достасување и оние коишто се расположливи за продажба подлежат на исправка на вредноста согласно со Одлуката за управување со кредитниот ризик. |

| **тема:** | **Исправка на вредноста за вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба** |
|---|---|
| Прашање: | Дали може да се утврди исправка на вредноста за вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба, за кои објективната вредност расте, меѓутоа банката, врз основа на други показатели ќе оцени дека постои оштетување? |

| | |
|---|---|
| Одговор: | Банката може да оцени дека постои оштетување за вложување во хартии од вредност расположливи за продажба, чијашто објективна вредност расте.<br><br>Притоа, банката сметководствено ќе евидентира:<br>• пораст на објективната вредност - на соодветните сметки за промени во објективната вредност и за ревалоризациски резерви;<br>• утврдена исправка на вредноста - на соодветна сметка од билансот на успех за исправка на вредноста на средствата расположливи за продажба и на соодветните сметки за исправка на вредноста во рамки на сметките за вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба.<br><br>Во овој случај банката не треба да ја прекнижи состојбата од соодветните сметки за промени во објективната вредност и од соодветната сметка во рамки на ревалоризациските резерви. |

| **тема:** | **Сметка за евидентирање на провизијата којашто е составен дел од ЕКС, а е ненаплатена/неплатена** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 10 |
| Прашање: | Провизијата којашто се вклучува во ЕКС, треба да се евидентира на сметката за акумулирана амортизација со прилив на парични средства. Но, банката може да не ги наплати провизиите во моментот на одобрувањето на кредитот, односно да постои ненаплатено побарување. Во новиот сметковен план, побарувањата врз основа на провизии и надомести евидентирани на сметката 16 претставуваат провизии и надомести коишто не е вклучени во ЕКС, туку се по други основи - други услуги на банката. На која сметка да ја евидентираме провизијата којашто е составен дел од ЕКС, а е ненаплатена (на сметката 16 или на активните времени сметки - сметка 19)? |
| Одговор: | Согласно со Методологијата (поглавје 3.1.3. и 5.1.3), во пресметката на ефективната каматна стапка влегуваат: сите **платени или наплатени** провизии и надомести коишто се составен дел од ефективната камата, трансакциските трошоци што се директно поврзани со трансакцијата и премиите и/или дисконтите одобрени на финансискиот инструмент. Вообичаено, овие провизии и надомести, трансакциски трошоци или премии и дисконти директно влијаат на паричниот тек во моментот на одобрувањето на финансискиот инструмент, односно немаат одложена наплата. Тоа се оние провизии и надомести или трансакциски трошоци коишто немаше да се случат/да настанат доколку не настане/не се појави финансискиот инструмент. Овие провизии и надомести, трансакциски трошоци или премии и дисконти треба да се евидентираат на соодветната сметка за акумулирана амортизација.<br><br>Сепак, доколку се појави случај на одложена наплата на одредени провизии и надомести коишто претставуваат составен дел од ефективната камата, банката треба ваквите провизии и надомести да ги евидентира на соодветната сметка за акумулирана амортизација и истиот износ истовремено да го евидентира на соодветна сметка во рамки на сметката 19 - „Одложени приходи, однапред платени трошоци и времени сметки". |

| | |
|---|---|
| | Сите други провизии и надомести, коишто не се составен дел од ефективната камата, банката треба сметководствено да ги евидентира во рамки на сметката 16. |
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 11 |
| Прашање: | Провизијата којашто е составен дел од ефективната камата за примените девизни кредити на банката може да се задолжува и да се плаќа ден пред, или ден по повлекувањето на средствата. Каде треба да се евидентираат предвреме платените провизии (на сметките за обврски врз основа на провизии и надомести или на пасивните времени сметки)? Исто така, во вакви случаи, од кога ќе започне пресметката на ефективната каматна стапка во паричниот тек на амортизацискиот план? |
| Одговор: | Банката треба да ја евидентира предвреме платената провизија којашто е составен дел од ефективната камата за примените кредити, на соодветната сметка во рамки на сметките за времени разграничувања, а ќе се префрли на соодветните сметки за акумулирана амортизација во рамки на сметките за обврски по кредити во моментот на евидентирање на обврските по кредити.<br><br>Во случај обврската за провизија да се плаќа по повлекувањето на средствата, банката треба во моментот на евидентирање на обврската по кредитот, да го евидентира износот на провизија на соодветната сметка за акумулирана амортизација во рамки на сметката за обврски по кредити, со истовремено евидентирање на истиот износ на соодветна сметка во рамки на сметката 29 - „Пресметани расходи, разграничени приходи и времени сметки".<br><br>При пресметката на ефективната камата, банката треба во помошните пресметки (во амортизацискиот план) да ги внесе паричните приливи и одливи на нивните реални датуми кога се случиле. |

| **тема:** | **Евидентирање на однапред наплатената камата за целиот период на кредитот, на денот на одобрување/исплата на кредитот** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.07.2010 година |
| прашање бр.: | 1. |
| Прашање: | На која сметка од Сметковниот план треба да се евидентира однапред наплатената камата на денот на исплата на кредитот во износ еднаков на каматата за целиот период на кредитот, на сметката 5xxx9 - „Акумулирана амортизација" или на сметката 298 - „Други разграничени приходи"? |
| Одговор: | Износот на однапред наплатената камата во моментот на одобрување/исплата на кредитот, на денот на наплатата, треба да се евидентира сметководствено на сметката 298 - „Други разграничени приходи" (не треба да се евидентира на сметката 5xxx9 - „Акумулирана амортизација"). Понатаму, во текот на животниот век на кредитот, на датумите на признавање и евидентирање на приходот од камата и побарувањата по достасана камата (на датумот на достасување на ануитетите), банката ќе го затвора достасаниот дел на |

| | |
|---|---|
| | побарувањето врз основа на камата со соодветен дел од сметката 298 - „Други разграничени приходи". |

| **тема:** | **Евидентирање на однапред исплатената камата за целиот период на депозитот, на денот на депонирање на средствата** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 02.11.2010 година |
| прашање бр.: | 1. |
| Прашање: | Како треба сметководствено да биде евидентирана однапред исплатената камата врз основа на примен депозит за целиот период на депозитот, на денот на депонирањето, на сметката 198 - „Други одложени расходи" или на некоја друга сметка? |
| Одговор: | Износот на однапред исплатената камата врз основа на примен депозит за целиот период на депозитот, на денот на депонирањето на средствата, треба сметководствено да се евидентира на сметката 198 - „Други одложени расходи". Понатаму, во текот на животниот век на депозитот, на датумите на признавање и евидентирање на расходот за камата и обврската врз основа на достасана камата, банката ќе го затвора достасаниот дел на обврската врз основа на камата со соодветен дел од сметката 198 - „Други одложени расходи". |

| **тема:** | **Евидентирање на субвенциониран станбен кредит, одобрен согласно Законот за субвенционирање на станбен кредит** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.03.2012 година<br>измена на 2.7.2013 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | Ве молиме за насоки за сметководствено евидентирање на субвенционираните станбени кредити, одобрени на физички лица согласно Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Р.Македонија" бр. 158/2011 и 24/2013). |
| Одговор: | Во зависност од видот на субвенционирање, банката треба да ги евидентира пласираните средства врз основа на субвенциониран станбен кредит, одобрен на физичко лице на следниот начин:<br>➢ кредит субвенциониран со средства од Буџетот на Р.Македонија преку плаќање на **половина или 75% од месечниот ануитет** во првите пет години од отплатата на кредитот:<br>- *при одобрување на средствата по кредитот,* побарувањето врз основа на кредитот банката треба да го евидентира на сметката 517115 - „Кредити во странска валута/Домаќинства/Физички лица/Станбени кредити/Над пет години". Провизиите и надоместите по кредитот коишто се составен дел од ефективната каматна стапка банката ќе ги евидентира на сметката 517119 - „Кредити во странска валута/Домаќинства/Физички лица/Станбени кредити/Акумулирана амортизација", а провизиите и надоместите кои не се составен дел од ефективната каматна стапка банката ќе ги евидентира како побарување и приход врз основа на провизии и надомести од физички |

| | |
|---|---|
| | лица.<br>- *уплатата на средствата од страна на Министерството за финансии во износ еднаков половина, односно 75% од 12 месечни ануитети однапред* во текот на секоја од првите 5 години од периодот на отплата на кредитот банката ќе ја евидентира на сметката 2934 - „Обврски во пресметка по долгорочни кредити". Доколку уплатата на средствата од Буџетот на Република Македонија не се изврши на договорениот датум, банката ќе евидентира побарување на сметката 1934 - „Побарувања во пресметка од долгорочни кредити" и обврска на сметката 2934.<br>- *при пресметка на достасаниот ануитет врз основа на кредитот (согласно амортизациониот план на кредитот)* банката ќе го евидентира делот од главницата којшто достасува за плаќање на сметката 517116 - „Кредити во странска валута /Домаќинства/Физички лица/Станбени кредити/Достасани - до 30 дена", како и побарувањето врз основа на камата врз основа на кредитот на сметката 15711x - „Побарувања врз основа на камати/Домаќинства/Физички лица/Кредити и пласмани во странска валута" и на сметката 66710 - „Приходи од камата/Домаќинства/Физички лица/Кредити и пласмани".<br>- *на датумот на достасување на ануитетот*, согласно амортизацискиот план, банката ќе раскнижи/затвори дел (половина, односно 75%) од достасаните побарувања врз основа на главница и камата и ќе искнижи соодветен дел од сметката 2934. Останатиот дел од достасаните побарувања, банката ќе ги затвори *на датумот на уплата на средствата од страна на физичкото лице*.<br>- *во случај на ненавремено исполнување на обврската од страна на корисникот на субвенциониран станбен кредит* банката ќе ја евидентира казнената камата на соодветните сметки за побарување и приход врз основа на казнена камата од физички лица (сметките 157116 и 66716).<br>- банката на редовна основа *ќе го следи кредитниот ризик на изложеноста врз основа на субвенционираниот станбен кредит*, согласно Одлуката за управување со кредитниот ризик и согласно интерните акти на банката, и утврдениот износ на исправка соодветно ќе го евидентира во својата сметководствена евиденција, на вообичаениот начин.<br>- *во случај на промена на статусот на побарувањата од физичкото лице од редовни на сомнителни и спорни* (согласно Одлуката за управување со кредитниот ризик) банката ќе ги спроведе вообичаените книжења за префрлање на побарувањата од физичкото лице од сметките за редовни (недостасани и достасани) побарувања на сметките за сомнителни и спорни побарувања.<br>- *во случај на предвремено раскинување на договорот за субвенциониран станбен кредит* (поради: утврдено е дека доставените податоци не се точни, неизвршување на договорот за купопродажба на станот/куќата, средствата одобрени за субвенционираниот станбен кредит не се користат согласно со намената, доцнење во плаќањето на обврските на физичкото лице кон банката) *и преземање на дејствија за присилна наплата на кредитот и субвенцијата* банката ќе го евидентира вкупниот износ на побарувања по кредитот (достасани и недостасани) од физичкото лице на соодветните сметки за сомнителни и спорни побарувања и ќе утврди соодветен износ на исправка на вредноста согласно Одлуката за управување со |

| | |
|---|---|
| | кредитниот ризик и согласно интерните акти на банката.<br>Исто така, *во случај на делумна или целосна предвремена доброволна отплата на кредитот од страна на физичкото лице пред истекот на десеттата година од отплатата на кредитот*, субвенционираниот кредит се смета за целосно достасан и се спроведуваат книжења за префрлање на побарувањето од физичкото лице на сметките за достасани побарувања.<br>Во случај на предвремено раскинување на договорот за субвенциониран станбен кредит (врз било кој основ) преостанатиот неискористен износ од уплатените средства од страна на Министерството за финансии, евидентирани на сметката 2934 (доколку има), банката ќе го врати/уплати во Буџетот на Република Македонија.<br>За вкупниот износ на уплатени средства од страна на Буџетот на Република Македонија по основ на субвенционираниот станбен кредит до моментот на раскинување на договорот, банката ќе евидентира побарување од физичкото лице на сметката 12889 - „Други побарувања по останати основи" и ќе евидентира обврска кон државата за поврат на средствата од субвенцијата на сметката 22889 - „Други обврски врз други основи".<br>- *во моментот на преземање на обезбедувањето со цел наплата на кредитот и субвенцијата од физичкото лице* банката ќе го евидентира преземеното средство на соодветна сметка во рамки на 06 - „Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања" (061 или 063) и соодветно ќе ги искнижи побарувањата од физичкото лице врз основа на кредитот и врз основа на субвенцијата.<br>- *во моментот на продажба на преземеното средство или пак во случај на делумна или целосна предвремена доброволна отплата на субвенционираниот кредит* банката ќе ги исплати наплатените средства по основ на субвенцијата на државата и ќе ја искнижи обврската на сметката 22889.<br><br>➢ кредит субвенциониран со средства од Буџетот на Р.Македонија преку плаќање на **половина од учеството** за станот, односно **75% од учеството** за куќата:<br>- *уплатата на средствата од страна на Министерството за финансии* во износ еднаков на половина од учеството за станот, односно 75% од учеството за куќата пред банката да го исплати станбениот кредит банката ќе ја евидентира на сметката 2934 - „Обврски во пресметка од работење со домаќинства/Обврски во пресметка по долгорочни кредити", сè до *исплатата на овие средства* на инвеститорот/изведувачот.<br>Уплатениот износ од државата врз основа на субвенцијата, по одделен договор за кредит, банката сметководствено ќе го евидентира на сметките за вонбилансна евиденција (сметките: 9909 и 9959).<br>- *во случај на предвремено раскинување на договорот за субвенциониран станбен кредит* (поради: утврдено е дека доставените податоци не се точни, доцнење во плаќањето на обврските на физичкото лице кон банката, неизвршување на договорот за купопродажба на станот/куќата, средствата одобрени за субвенционираниот станбен кредит не се користат согласно со намената) *и преземање на дејствија за присилна наплата на кредитот* |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>
и субвенцијата банката ќе го евидентира вкупниот износ на побарувања по кредитот (достасани и недостасани) од физичкото лице на соодветните сметки за сомнителни и спорни побарувања и ќе утврди соодветен износ на исправка на вредноста согласно Одлуката за управување со кредитниот ризик и согласно интерните акти на банката. Исто така, во случај на делумна или целосна предвремена доброволна отплата на кредитот од страна на физичкото лице пред истекот на десеттата година од отплатата на кредитот, субвенционираниот кредит се смета за целосно достасан и се спроведуваат книжења за префрлање на побарувањето на сметките за достасани побарувања.<br>
За износот на уплатени средства од страна на Буџетот на Република Македонија врз основа на субвенционираниот станбен кредит (половина од учеството за станот, односно 75% од учеството за куќата), банката ќе евидентира побарување од физичкото лице врз основа на искористениот износ на субвенцијата на сметката 12889 - „Други побарувања по останати основи“ и ќе евидентира обврска кон државата за поврат на средствата од субвенцијата на сметката 22889 - „Други обврски врз други основи“. Во тој момент банката ќе го искнижи износот на субвенцијата од сметките за вонбилансна евиденција (сметките 9909 и 9959). Од овој момент натаму, вкупното побарување врз основа на станбениот кредит и субвенцијата за банката ќе претставува изложеност кон физичкото лице и за целите на утврдување на исправката на вредноста ќе ја применува Одлуката за управување со кредитниот ризик и интерните акти на банката.
<ul>
<li>во моментот на преземање на обезбедувањето со цел наплата на кредитот и субвенцијата од физичкото лице банката ќе го евидентира преземеното средство на соодветна сметка во рамки на 06 - „Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања“ (сметка 061 или 063) и соодветно ќе ги искнижи побарувањата од физичкото лице (врз основа на кредитот и по основ на субвенцијата), на вообичаен начин.</li>
<li>во моментот на продажба на преземеното средство или пак во случај на делумна или целосна предвремена доброволна отплата на субвенционираниот кредит банката ќе ги исплати наплатените средства врз основа на субвенцијата на државата и ќе ја искнижи обврската на сметката 22889.</li>
</ul>
Напоменуваме дека банките треба во рамките на својата аналитичка или помошна сметководствена евиденција да предвидат посебни сметки за субвенционираните станбени кредити, како и детална евиденција за износот на искористени средства врз основа на субвенција од Буџетот на Република Македонија по одделен корисник или договор за субвенциониран станбен кредит.
</td>
</tr>
</table>

| **тема:** | **Примена на сметките за кредити на физички лица** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | Дали кредит наменет за реновирање станбен простор да се евидентира на сметките за станбени кредити на физички лица? |

| | |
|---|---|
| Одговор: | Банката треба кредитот на физичко лице наменет за реновирање станбен простор да го евидентира на сметките за станбени кредити на физички лица. |

| **тема:** | **Сметководствено евидентирање на револвинг кредитни картички** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 11 |
| Прашање: | Која е преостанатата рочност (како да се одреди) врз основа на револвинг кредитни картички каде што постои услов за враќање од минимум 5% од искористениот лимит на месечна основа? |
| Одговор: | Кај револвинг кредитните картички, кај кои на месечна основа постои услов за минимален износ за уплата на дел од искористениот лимит, за минималниот износ за плаќање се утврдува преостаната рочност до 1 месец. Банката треба да го распореди остатокот од искористениот лимит врз основа на револвинг кредитна картичка во соодветните блокови на преостаната рочност, имајќи ја предвид обврската за минимален износ за плаќање. |
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 12 |
| Прашање: | Која е првичната рочност (како да се одреди) врз основа на риволвинг кредитни картички коишто работат на следниов принцип: секој месец се прави пресметка за износот на наплата така, што од вкупниот кумулативен потрошок се наплатува по 5%. Пример: првиот месец потрошокот на картичката е 10.000, а пресметката е 10.000x5%=500, вториот месец е 25.000, а пресметката е на (10.000+25.000-500) 34.500 x 5% = 1.725, третиот месец потрошокот е 60.000, а пресметката е на 92.775 (60.000+34.500-1.725) x 5% = 4.638. Со ваквиот начин на пресметка не се знае точно, на пример, третиот месец од 60.000, во која првична рочност да се стави побарувањето врз основа на риволвинг кредитни картички? Прашањето треба да се однесува на сметководствената евиденција при првично одобрување, на кои сметки од поделбата на сметките (1 месец, од еден до три итн.) треба да се водат? |
| Одговор: | Одобрениот лимит врз основа на риволвинг кредитни картички, наведени во примерот (со минимален месечен износ за плаќање од 5%) се евидентира на соодветните сметки за вонбилансна евиденција (на пример, доколку станува збор за кредитна картичка издадена во денари на физичко лице, на сметките 993607/998607). Првичната рочност на искористениот износ се одредува во зависност од рокот на кој е склучен договорот со клиентот (една, две години и слично). Потрошокот во месецот врз основа на картичката ќе се евидентира на сметката 507142 - „Кредитни картички / Од три месеци до една година", доколку договорот е склучен на една година, или на сметката 507143 - „Кредитни картички / Од една до две години", ако договорот е склучен на 2 години. Минималниот задолжителен износ којшто клиентот треба да го плати се евидентира на сметката 507146 - „Кредитни картички / Достасани - до 30 дена". Доколку клиентот не го плати делумно или целосно задолжителниот износ во рок од 30 дена, тогаш износот се пренесува од сметката 507146 на |

| | |
|---|---|
| | сметката 507147 - „Кредитни картички / Достасани - над 30 дена“.<br><br>Доколку станува збор за друг вид кредитни картички, банката ќе го евидентира искористениот износ на соодветната сметка во согласност со рокот на достасување на обврската за плаќање. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на негативните салда на тековни сметки** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 12 |
| Прашање: | Во врска со сметката 50715 - Негативни салда на тековни сметки, дали на сметките за достасани до и над 30 дена (507156 и 507157) се евидентира само недозволеното пречекорување, при што броењето на деновите на достасаност ќе започне од денот на влегувањето во недозволено пречекорување?<br><br>Пример: дозволено пречекорување до 30 илјади денари, состојба на сметката 50715 е 50 илјади денари (негативно салдо); 30 илјади денари на сметката 507150, а 20 илјади денари на сметката 507156 или 507157, во зависност од избројаните денови почнувајќи го притоа броењето од денот на влегувањето во недозволено пречекорување? |
| Одговор: | Негативните салда на тековните сметки се евидентираат во рамки на сметките во групата 50715 и тоа, дозволеното пречекорување се евидентира на сметката 507150. Доколку се надмине износот на дозволено пречекорување, од датумот на надминувањето се евидентира на сметката 507156 - Достасани - до 30 дена, и тоа за износот над дозволеното пречекорување. Доколку не се исплати овој износ во рок од 30 дена, се пренесува на сметката 507157 - Достасани - над 30 дена.<br><br>Исто така, на датумот на достасување банката ќе го прекниижи износот на достасан дел за плаќање од дозволеното пречекорување (којшто достасал за плаќање согласно договорот за дозволено пречекорување) од сметките за салдо на пречекорување на сметките за достасани побарувања. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на казнената камата** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 9 |
| Прашање: | На кои сметки да се евидентира казнената камата од неплатени надоместоци за извршени други услуги (на пример, работа со акредитиви и гаранции, дознаки за плаќање во странство) во рамките на групата 15, бидејќи сегашната развиена аналитика на таа група предвидува сметки за казнена камата само по сектори и по типови на кредитни пласмани. Дали би можело да се предвидат соодветни аналитики за овие побарувања на кои Банката има право, согласно со одредбите на Законот за облигациони односи, во рамките на сметката 15009 - Други инструменти? |
| Одговор: | Банката, во зависност од секторската припадност, може да ја евидентира казнената камата од неплатените надоместоци за извршени други услуги |

| | |
|---|---|
| | (работа со акредитиви и гаранции, дознаки за плаќање во странство и слично) на следните сметки:<br>- 15xx96,<br>- 157x66, или<br>- 15266. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на недостасани надоместоци** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 10 |
| Прашање: | Во кои случаи би имало побарувања врз основа на недостасани надоместоци коишто би се евидентирале на пропишаните сметки во рамки на групата 16? Надоместоците, согласно со пресметковниот принцип на стандардите, се прикажуваат во моментот на вршење на услугата на Банката и тогаш тие добиваат статус на достасани? Дали недостасани надоместоци би биле оние што имаат (согласно со политиката на банката) дозволен одложен рок на наплата (на пример осум дена од задолжувањето)? |
| Одговор: | Пример за недостасан надоместок би бил оној којшто (согласно со политиката на банката) има дозволен одложен рок на наплата; или на пример, гаранција/акредитив кај кои се плаќа надоместокот квартално или пак, се плаќа во текот на месецот, а на крајот на месецот се прикажува недостасаната провизија. Недостасаните надоместоци треба да се евидентираат на соодветни сметки во рамки на групата 16. |

| **тема:** | **Сомнителни и спорни побарувања врз основа на провизии и надомести** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 20 |
| Прашање: | Според „Одлуката за управување со кредитниот ризик", во врска со преносот на нефункционалните побарувања, точка 13 став 2 гласи: „Во моментот кога пресметаната камата добива нефункционален статус, банката е должна да изврши целосна исправка на вредноста на пресметаната камата". Имајќи го предвид и новиот сметковен план каде што е дефинирана сметка за сомнителни провизии на групата 16, а од друга страна не е дефинирана сметка за трошок, односно за исправка на вредноста, бидејќи е предвидено само за камата, ве прашуваме, дали тоа значи дека побарувањето за провизија не се отпишува целосно? Во кои случаи ќе се користат сметките за сомнителни и спорни побарувања врз основа на провизии и надоместоци (сметка 16x90) и исправка на вредноста на сомнителните и спорни провизии (сметка 16x99)? |
| Одговор: | Согласно со Одлуката за управување со кредитниот ризик, износот на исправка на вредноста се утврдува како разлика помеѓу сметководствената вредност на побарувањето и неговата сегашна вредност (проценет надоместлив износ). Точката 13 од Одлуката пропишува дека кога се исполнети условите едно побарување да го добие статусот на сомнително и спорно побарување, банката треба целото побарување (главница, камата, провизии и надомести и друго) да го прекниижи на соодветните сметки за сомнителни и спорни побарувања. |

| | |
|---|---|
| | Притоа, во тој момент банката е должна да изврши целосна исправка на вредноста само на побарувањата по камата, но не и на останатите побарувања по таа кредитна партија. Оттука, во моментот кога пресметаните провизии и надоместоци го добиваат статусот на сомнителни и спорни побарувања, банката не е должна да изврши целосна исправка на вредноста на овие побарувања, туку само да ги прекниже на соодветните сметки за сомнителни и спорни побарувања врз основа на провизии и надомести (сметките 16x90 и 16x99). Банката ќе го евидентира дополнителното издвојување или ослободувањето на исправката на вредноста на побарувањата врз основа на провизии и надомести (и кога побарувањата имаат статус на редовни побарувања, како и кога имаат статус на сомнителни и спорни побарувања) на сметката 6412 - „Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на побарувањата од провизии и надомести". |

| **тема:** | **Сметководствено евидентирање при промена на статусот на кредитите од редовни на сомнителни и спорни, и обратно** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 8 |
| Прашање: | Сметководствено евидентирање при промена на статус на кредитите од редовни на сомнителни и спорни, и обратно. |
| Одговор: | При промена на статусот на побарувањето, од редовен во нефункционален, се спроведуваат следниве книжења:<br><br>- износот на главницата по побарувањето од клиентот се прекнижува на соодветната аналитичка сметка за сомнителни и спорни побарувања (сметка 1390, 3120, 3390, 5030, 5130, 5230, 5x(xx)90). Истовремено се прекнижува и износот на исправка на вредноста за соодветното побарување од соодветната аналитичка сметка xxxx8 или xxxxxx8 (петтата или шестата аналитичка сметка којашто завршува со 8), на соодветната аналитичка сметка за исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања (сметка 1399, 3129, 3399, 5039, 5139, 5239, 5x(xx)99);<br>- истовремено се обезбедува и исправка на вредноста за побарувањата по камата од нефункционалните кредити на тој начин што побарувањата по камата од тој клиент за конкретна кредитна партија се прекнижуваат на соодветната сметка за сомнителни и спорни побарувања врз основа на камати (15x90 и 15xx90), а потоа за истиот износ се одобрува соодветна сметка за исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања врз основа на камата (15x99 или 15xx9) и се задолжува сметката 6400 - „Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување)" на приходот од камата;<br>- истовремено се обезбедува и исправка на вредноста за побарувањата од провизии и надомести од нефункционалните кредити така, што побарувањата по провизии и надомести за конкретна кредитна партија се префрлаат на соодветната сметка за сомнителни и спорни побарувања врз основа на провизии и надомести (16x90) и истовремено се прекнижува износот на исправка на вредноста на соодветната сметка - „Исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања врз основа на провизии и надомести" (16x99). |

| | |
|---|---|
| | Обратно, при промена на статусот на побарувањето, од нефункционален во редовен се спроведуваат следниве книжења:<br>- износот на сомнителни и спорни побарувања врз основа на главница од клиентот (сметка 1390, 3120, 3390, 5030, 5130, 5230, 5x(xx)90) се прекнижува на соодветната аналитичка сметка за редовни кредити. Истовремено се прекнижува и износот на исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања (сметка 1399, 3129, 3399, 5039, 5139, 5239, 5x(xx)99) на соодветната аналитичка сметка за исправка на вредноста за побарувањето (сметка xxxx8 или xxxxxx8);<br>- согласно со точка 13 од Одлуката за управување со кредитниот ризик, побарувањето може да се исклучи од категоријата на нефункционални побарувања само доколку достасаниот дел од побарувањето е наплатено. Оттука, при наплата на нефункционалната камата се спроведуваат следниве книжења: 1000/(15x90 или 15xx90), а потоа за истиот износ се задолжува соодветната сметка за исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања врз основа на камата (15x99 или 15xx9) и се одобрува соодветната сметка од 640, за исправка на вредноста на приходот од камата, на нето-основа (сметката 6402 - „Наплатени претходно отпишани").<br>- при наплата на побарувањата од провизии и надомести од нефункционалните кредити се спроведуваат следниве книжења: 1000/16x90, истовремено се задолжува соодветната сметка за исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања врз основа на провизии и надомести (16x99), а се одобрува соодветната сметка во рамки на 6412 - „Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на побарувањата од провизии и надомести" (сметката 64122 - „Наплатени претходно отпишани" во случај кога побарувањето од провизии и надомести било целосно оштетено, или сметката 64121 - „Ослободување на исправката на вредноста (Загуби поради оштетување)", во случај кога побарувањето од провизии и надомести било делумно оштетено). |

| **тема:** | **Третман на состојбата на акумулирана амортизација при промена на статусот на побарувањето од редовни на сомнителни и спорни побарувања** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 8 |
| Прашање: | Кога одредено побарување ќе се пренесе на сомнителните и спорни побарувања во согласност со одлуката за кредитен ризик, што се случува со неамортизираната провизија, евидентирана на сметката за акумулирана амортизација? Дали треба целосно да се оприходува? Што треба да се прави кога побарувањето ќе се врати на редовни побарувања? Дали треба да се прави нов амортизациски план со употреба на ЕКС или не? |
| Одговор: | Кога одделно побарување ќе се пренесе на сметките за сомнителни и спорни побарувања, неамортизираниот дел од акумулираната амортизација треба да се прекнижи на соодветна сметка за акумулирана амортизација во рамки на сметката за сомнителни и спорни побарувања (банката треба да развие сметка во рамки на пропишаните сметки за сомнителни и спорни побарувања, на пример: сметката 5xxx908). Неамортизираниот дел од акумулираната амортизација продолжува да се амортизира/приходува низ билансот на успех, |

| | |
|---|---|
| | онака како што првично било одредено да се разграничи приходот од акумулираната амортизација. Доколку побарувањето подоцна се врати на сметките за редовни побарувања, тоа ќе продолжи да се амортизира/приходува согласно со првичниот амортизациски план.<br><br>Банката може, по избор, да го примени и следниот начин: во моментот на пренесување на одделно побарување на сметките за сомнителни и спорни побарувања, состојбата на неамортизираниот дел од акумулираната амортизација да ја искнижи во целост и за истиот износ да признае приход од камата во билансот на успех. Доколку побарувањето подоцна се врати на сметките за редовни побарувања, банката не треба да пресметува нова акумулирана амортизација, туку побарувањето ќе се прекнижи од сметките за сомнителни и спорни побарувања на соодветните сметки за редовни побарувања без состојба на сметките за акумулирана амортизација. |

| **тема:** | **Сметководствено евидентирање на орочените депозити што служат како обезбедување за кредитна изложеност** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 22 |
| Прашање: | Дали орочените депозити што се користат како обезбедување за кредитна изложеност треба да се прекнижат на сметките за ограничени депозити или е доволно позадински, да постои информација што би се користела за финансиските извештаи? Дали е потребно и вонбилансно да се книжат на сметките за обезбедување? И, што доколку само дел од орочениот депозит претставува обезбедување за кредитна изложеност, тогаш како ќе се врши книжењето? |
| Одговор: | Во Сметковниот план за банките се пропишани сметки за евидентирање на ограничените депозити, и тоа за орочените депозити во странска валута, орочените депозити во денари и во денари со валутна клаузула. Банката го евидентира на овие сметки орочениот депозит (или делот од депозитот) којшто претставува обезбедување за конкретната изложеност на кредитен ризик. Банката може да ги евидентира овие ограничени депозити и на сметките за вонбилансна евиденција или во друга помошна евиденција. |
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 1. |
| Прашање: | Со новиот сметковен план ограничените депозити се поделени по видување, до една година и над една година. Во текот на имплементацијата, Банката одлучи да ги разграничува ограничените депозити во зависност од рочноста, според рокот на достасување на кредитот којшто е одобрен, а за кој постои депозитот како обезбедување. На пример, депозитот е на 1 година а кредитот е на 6 месеци. Делот од депозитот што го покрива кредитот се прекнижува на ограничени депозити до 6 месеци. Ваквата одлука ја темелиме на Одлуката за управување со кредитниот ризик, со која се бара рокот на достасување на паричниот депозит да е еднаков или подолг од рокот на достасување назначен во договорот на одобрениот кредит. Но, од комуникацијата со останатите банки забележавме дека некои банки работат и на друг начин. Ве молиме да ни |

| | |
|---|---|
| | потврдите кој начин е правилен. |
| Одговор: | Согласно со точка 6 од Одлуката за сметковниот план за банките, банките се должни да ги евидентираат недостасаните побарувања и обврски со определени периоди на достасување, на пропишаните сметки во Сметковниот план согласно со првично договорениот датум на достасување. Следствено, депозитите коишто служат како обезбедување врз основа на одреден договор за кредит, банката треба да ги прекнижи на **соодветните сметки за ограничени депозити согласно со првичниот, договорен рок на достасување на депозитот, не на кредитот**. Во примерот од прашањето, депозитот би требало да се евидентира на сметките за ограничени депозити до една година.<br><br>Независно од наведеното погоре, во Одлуката за управување со кредитниот ризик (точка 18 и 19) се регулира само во кои случаи одреден депозит којшто служи како обезбедување врз основа на одредена изложеност на кредитен ризик, се смета како првокласен инструмент за обезбедување и следствено, банката може да ја зема предвид и вредноста на депозитот при утврдувањето на сегашната вредност на очекуваните идни парични текови на соодветното побарување. |

| **тема:** | **Примена на сметките за блокирани средства на трансакциски сметки и за ограничени тековни сметки** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 24 (поврзано со прашањата бр. 25 и 26) |
| Прашање: | Во Сметковниот план за банките се пропишани одделни сметки за блокирани средства на трансакциски сметки (сметка 8090). Согласно со Законот за платен промет, банката како носител на платниот промет, од една страна, извршува решенија за присилна наплата и врши блокада на трансакциските сметки на правни и физички лица поради немање доволно средства за извршување на решенијата, а од друга страна, банката врши блокирање на трансакциските сметки врз основа на вршење на останати банкарски работи. Ве молиме, да се дефинира врз која основа (блокада врз основа на Законот за платен промет или блокада при вршење банкарски работи) треба да се евидентираат средствата на сметките за блокирани средства на трансакциски сметки (сметка 8090). |
| прашање бр.: | 25 (поврзано со прашањата бр. 24 и 26) |
| Прашање: | Дали при книжењето на сметките: 7090 - „Блокирани средства на трансакциски сметки" (странска валута), 7091 - „Ограничени тековни сметки" (странска валута), 8090 - „Блокирани средства на трансакциски сметки" (денари), 8091 - „Други ограничени тековни сметки" (денари), ќе треба да се евидентира износот на блокадата (ненаплатениот долг) или реалното моментално салдо на тие сметки? |
| прашање бр.: | 26 (поврзано со прашањата бр. 24 и 25) |
| Прашање: | Дали трансакциските сметки на нерезидентите - физички лица на кои им е истечена документацијата и коишто се блокирани со интерен код на блокада треба да се третираат како блокирани сметки? Имено, согласно со Одлуката за начинот и условите за отворање и водење на нерезидентни сметки (глава 2, точка 7, став 2) се пропишува дека банката не може да му дозволи на |

| | |
|---|---|
| | нерезидентот да врши промет преку сметката сѐ до ажурирањето на документацијата. |
| Одговор на прашањата бр. 24, 25 и 26: | Банката треба да ги прекнижи средствата од редовната трансакциска сметка на сметките за блокирани средства на трансакциските сметки во следниве случаи:<br>- трансакциски сметки во денари и во странска валута на резидент - блокирање на трансакциската сметка поради немање доволно средства за извршување на решенијата за присилна наплата, согласно со Законот за платен промет - на соодветната сметка за секторската припадност на резидентот, во рамки на сметката 8090 и на сметката 7090;<br>- трансакциска сметка во денари и во странска валута на нерезидент - блокирање на трансакциската сметка поради немање доволно средства за извршување на решенијата за присилна наплата (согласно со Законот за платен промет) - сметката 80908 и сметката 70908;<br>- трансакциска сметка на нерезидент во странска валута и во денари - блокирање на трансакциската сметка поради необезбедена потребна документација за ажурирање на податоците или пак на сметката нема промет повеќе од две години (согласно со Одлуката за начинот и условите за отворање и водење на сметки на нерезиденти) - сметката 70908 и сметката 80908.<br><br>На сметките за ограничени тековни сметки во денари или во странска валута (8091 или 7091), банката ќе ги евидентира средствата на трансакциската сметка на клиентот на банката, ограничени за употреба од страна на клиентот како резултат на вршењето банкарски работи, но коишто не предизвикуваат блокирање на трансакциската сметка во наведените случаи за блокирани трансакциски сметки.<br><br>Доколку износот на блокадата или ограничувањето (ненаплатениот долг) го надминува салдото на редовната трансакциска сметка, тој не треба да се евидентира на сметките од билансната евиденција. |
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 27 |
| Прашање: | Дали треба дополнително да се книжи добиената блокада за лице кое нема средства на својата сметка? |
| Одговор: | Банката не треба да ја евидентира добиената блокада за лице кое нема средства на трансакциската сметка на сметките од билансната евиденција. Во овие случаи, банката може за свои потреби да ја евидентира добиената блокада на соодветна сметка од вонбилансната евиденција (развиена од банката во рамки на пропишаните сметки во Сметковниот план за банките) или пак во друга помошна евиденција на банката. |
| **тема:** | **Примена на сметките 74 и 84** |
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 10 |
| Прашање: | Евидентирањето на групата 74 - „Обврски по кредити во странска валута" и групата 84 - „Обврски по кредити во денари", треба да биде според изворите на |

| | |
|---|---|
| | средствата или според крајниот корисник? |
| Одговор: | На сметките 74 - „Обврски по кредити во странска валута“ и 84 - „Обврски по кредити во денари“ се искажуваат обврските на банките врз основа на примените девизни и денарски кредити, во согласност со секторската припадност на кредиторот (според изворите на средства) и договорените рокови на достасување. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на акумулираната амортизација за обврските по кредити** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 14 |
| Прашање: | Дали провизиите платени при повлекувањето на девизните кредити (за банката и кредитните линии) ќе се вклучат во пресметка на пасивната ЕКС и дали таа треба да се прикаже на име „акумулирана амортизација“, којашто ќе треба временски, книговодствено да се администрира преку прикажување на расходите од камата? Ако е така, тогаш на кои сметки и како да се книжат овие однапред платени надоместоци што се трансформираат во идни расходи од камата преку пасивната ЕКС (група сметки 74)? |
| Одговор: | Провизиите платени при повлекувањето на девизните кредити (за банката и кредитните линии) ќе се вклучат во пресметка на пасивна ЕКС и треба да се прикажат како акумулирана амортизација и да се евидентираат на сметките за акумулирана амортизација во рамки на групата 74 (сметките 74хх(х)9). |
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 17 |
| Прашање: | Дали провизиите платени при повлекувањето на денарските кредити (за банката и кредитни линии) ќе се вклучат во пресметката на пасивната ЕКС и дали таа треба да се прикаже на име „акумулирана амортизација“ којашто треба временски книговодствено да се администрира преку прикажување на расходите од камата? Ако е така, тогаш на кои сметки и како да се книжат овие однапред платени надоместоци коишто се трансформираат во идни расходи од камата преку пасивната ЕКС (група сметки 84)? |
| Одговор: | Банката треба да ја вклучи провизијата платена при повлекувањето на денарските кредити (за банката и кредитни линии) во пресметка на пасивната ЕКС и да ја прикаже како акумулирана амортизација и да се евидентираат на сметките за акумулирана амортизација во рамки на групата 84 (сметките 84 х(х)9). |

| **тема:** | **Примена на сметките за посебна резерва и резервирања** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 23 |
| Прашање: | Дали резервацијата ќе се книжи на сметка од групата 92 (опис на групата 92 е |

| | |
|---|---|
| | посебна резерва и резервирања, а на групата 920 - посебна резерва за вонбилансна кредитна изложеност)? |
| Одговор: | На сметките од групата 92 - Посебна резерва и резервирања, Банката е должна, соодветно да ја евидентира посебната резерва за вонбилансната кредитна изложеност, на поединечна и на групна основа, како и групната исправка на вредноста за портфолиото на мали кредити и за групата слични финансиски инструменти. Исправката на вредноста за поединечно значајни ставки се евидентира на соодветните сметки од активата. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на обврските за даноци, придонеси и други давачки** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 3 |
| Прашање: | Што треба да се евидентира на сметката 201 - Обврски за данок, придонеси и други давачки, а што на сметките во рамки на сметката 223 - Обврски за даноци и придонеси? |
| Одговор: | На сметката 201 - „Обврски за данок, придонеси и други давачки" се евидентираат пресметаните износи на даноци, придонеси и други давачки поврзани со пресметаната плата на вработените (во кои се вклучени пресметаните обврски за персонален данок на доход). На сметката 223 - „Обврски за даноци и придонеси" се книжат сите други даноци и придонеси (на пример: даноци од добивка, данок на додадена вредност и слично). |

| **тема:** | **Сметководствено евидентирање на расходот/приходот од одложени даноци** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 7 |
| Прашање: | Дали одложените даноци треба сметководствено да се евидентираат преку билансот на успех? Ако треба, тогаш на која сметка од билансот на успех треба да се искажат и дали добивката што ќе се утврди со веќе вклучени расходи или приходи за одложени даноци ќе се распределува, или треба да се прави друга пресметка, односно некој модифициран даночен биланс? |
| Одговор: | Расходот/приходот од одложени даноци треба сметководствено да се евидентира на сметката 633 - „Даноци и придонеси од приход" / 683 - „Приходи врз основа на судски тужби, даноци и други административни такси".<br><br>Добивката којашто е предмет на распределба е регулирана во Законот за трговски друштва, за чие толкување Народната банка не е надлежна институција. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на расходите за камата од финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени** |
|---|---|

| | како такви при почетното признавање |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 4 |
| Прашање: | Каде, во рамки на групата 60, ќе се евидентираат расходите за камата од финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање? Односно, дали тие ќе се евидентираат во рамките на сметките за расходи за камата од финансиски обврски чувани за тргување? |
| Одговор: | Расходите за камата од финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање, треба да се евидентираат на соодветни сметки од групата 60 - Расходи од камата, односно во рамки на сметките за расходи за камата од други инструменти: 60006, 60016, 60106, 60116, 60126, 6026, 60506, 60516, 60526, 60536, 60546, 60556, 60706, 60716, 60806, 60816, 60826, 60856, 60876. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на приходите од камата од парични средства и парични еквиваленти** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 5 |
| Прашање: | Каде, во рамките на групата 66, треба да се евидентираат приходите од камата од парични средства и парични еквиваленти? |
| Одговор: | Приходите од камата од парични средства и парични еквиваленти треба да се евидентираат во рамки на групата 66, на следните сметки: 66105, 66505, 66515, 66513, 66523, 66525, 66535, 66545, 66555, 66853, 66855 во зависност од класификацијата на средството. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на реализираните и нереализираните курсни разлики** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 8 |
| Прашање: | Молиме да ни дадете подетаљно објаснување што треба да се евидентира на сметките за реализирани, а што на сметките за нереализирани курсни разлики (сметка 649). |
| Одговор: | На сметките за реализирани добивки и загуби од курсни разлики (64900 и 64910) се евидентираат курсните разлики од трансакциите во девизи (на пример од купопродажба на девизи, како и наплата/плаќање на побарувањата/обврските), а на сметките за нереализирани добивки и загуби од курсни разлики (64901 и 64911) се евидентираат курсните разлики од курсирањето на ставките номинирани во странска валута на конкретен датум. |

| **тема:** | **Сметки за евидентирање на исправка на вредноста на приходот од** |
|---|---|

| | камата и на побарувањата од камата |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 13 |
| Прашање: | Дали правилно ги разбираме сметките 640 и 6411 во смисла на следново: сметката 640 - Исправка на вредноста на приходот од камата, ќе се користи кога ќе правиме целосно исправка на приходите од камата при пренос на нефункционалните побарувања врз основа на камата, согласно со Одлуката за управување со кредитен ризик, додека сметката 6411 - Исправка на вредноста на побарувањата од камата, ќе се користи при книговодственото евидентирање на исправката на редовните побарувања од камата, доколку има показатели дека побарувањето е оштетено? |
| Одговор: | На сметка 640 - Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на приходот од камата, на нето-основа, банката ја евидентира исправката на приходот од камата при пренос на нефункционалните побарувања врз основа на камата. Додека, сметката 6411 - Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на побарувањата од камата, се користи при книговодствено евидентирање на исправката на редовните побарувања од камата, доколку има показатели дека побарувањето е оштетено. |

| **тема:** | **Примена на сметките 6402 и 64112** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 2 |
| Прашање: | Во кои случаи ќе се користат сметките 6402 и 64112? |
| Одговор: | На сметката 6402 - „Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на приходот од камата, на нето-основа / Наплатени претходно отпишани" ќе се евидентира приходот при наплата на сомнителните и спорни побарувања по камата, а на сметката 64112 - „Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на побарувањата од камата / Наплатени претходно отпишани" ќе се евидентира приходот при наплата на побарувања по камата коишто биле отпишани на сметките за вонбилансна евиденција. |

| **тема:** | **Курсни разлики коишто произлегуваат од сметките за исправка на вредноста** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 19.03.2009 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | Како треба да се евидентира ефектот од промената на курсот на состојбата на сметките за исправка на вредноста на средствата во странска валута? Дали треба да се евидентира како приход / расход од нереализирани курсни разлики преку сметките 64901 / 64911, или треба да се евидентира како дополнителна / ослободена исправка на вредноста (загуби поради оштетување) преку сметката 641? |

| | |
|---|---|
| Одговор: | Исправката на вредноста на девизните побарувања (кредити и депозити) се евидентира на посебна аналитичка сметка во рамки на соодветната сметка за побарувањето (основицата). При извршувањето на операцијата курсирање на девизните средства и обврски, соодветно ќе се курсираат и состојбата на побарувањето и состојбата на исправката на вредноста. Разликите коишто ќе произлезат од промените на курсот на денарот во однос на странските валути (а не од промени во кредитната способност на должникот на банката) ќе се евидентираат на соодветните сметки од билансот на успех за курсни разлики (сметка 649).<br><br>При утврдување на износот на исправка на вредноста (најмалку квартално), по претходно извршеното курсирање и евидентирање на курсните разлики на соодветна сметка во рамки на сметката 649, банката ќе евидентира дополнителен или ќе ослободи износ на исправка на вредноста (загуби поради оштетување) на соодветна сметка во рамки на сметката 641 само доколку настане промена во кредитната способност на должникот (на пример: исправката на вредноста од 77% се зголемила на 82%).<br><br>На овој начин, на сметките за исправка на вредноста од билансот на состојба (аналитички сметки во рамки на класите 1, 3, 4, 5) ќе има промени кои како пандан во билансот на успех ќе се евидентираат на курсни разлики и на исправка на вредноста. |

| **тема:** | **Сметководствено евидентирање на трошоците за отпремнина** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 06.11.2009 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | Банката има спроведено книжења врз основа на актуарска пресметка на трошоците за отпремнина при одење во пензија на вработените. Притоа, тоа е евидентирано на сметка од групата 622 - „Надомести за вработените врз основа на колективни договори" и на сметка на групата 298. Дали треба да се спроведе книжење на сметката од група 6441 - „Резервирања за пензиските и за други користи за вработените"?<br>Со оглед на тоа дека на сметките од групата 298 (временски разграничувања) може да се врши раскнижување во временски период најмногу од една година, дали треба да се изврши прекнижување на сметка од класата 9, т.е. групата 921 - „Резервирања за пензиите и за други користи за вработените" и дали износот треба да се вклучи во белешката 38? |
| Одговор: | Банката, при сметководственото евидентирање на трошоците за отпремнина, треба да ги има предвид насоките дадени во Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и подготовка на финансиските извештаи, односно делот 5.9 којшто се однесува на трошоците за вработените. Притоа, утврдениот износ на трошоци за отпремнина врз основа на актуарска пресметка (дисконтиран) треба да го евидентира на следниве сметки: 64410 - „Резервирања за пензиските и за други користи за вработените / Дополнителни резервирања" (на страната должи) и 921 - „Резервирања за пензиите и за други користи за вработените" (на страната побарува).<br><br>Банката треба соодветно да ги вклучи резервирањата за пензиите и други |

| | |
|---|---|
| | користи од вработените во белешката 38 - „Посебна резерва и резервирања". |

| **тема:** | **Примена на сметките за работи во име и за сметка на други (комисионо работење)** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 15 |
| Прашање: | Во новиот сметковен план во групата 18 - „Побарувања по работи во име и за сметка на други" се дадени сметки само за депозити, кредити и други побарувања. Каде да се книжат купените државни записи во име и за сметка на други лица? |
| Одговор: | Банката треба да ги евидентира купените државни записи во име и за сметка на други лица на соодветните сметки во рамки на сметката 184 - „Други побарувања во денари" или сметката 185 - „Други побарувања во странска валута", во зависност од валутата на државните записи и секторската припадност на клиентот, во чие име и за чија сметка банката ги купува државните записи. |

| **тема:** | **Сметководствено евидентирање на комисионото работење од аспект на класификација по институционални сектори** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 15 |
| Прашање: | Кај комисионото работење е потребна распределба по сектори. Ако обврската е во секторот „банки", а пласманот е извршен кон населението, прашуваме дали распределбата по сектори на побарувањето врз основа на комисионото работење ќе биде според тоа кому сме ги пласирале средствата, или според изворот на средствата? |
| Одговор: | Во новиот Сметковен план за евидентирање на комисионото работење се предвидени сметките од групата 18 - Побарувања по работи во име и за сметка на други и групата 28 - Обврски по работи во име и за сметка на други. Распределбата по сектори кај комисионото работење треба да е извршена на следниот начин: кај побарувањата - во зависност од тоа каде се пласирани средствата, а кај обврските - според изворот на средствата. |

| **тема:** | **Примена на сметките од вонбилансната евиденција** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 16 |
| Прашање: | На вонбилансната евиденција, на сметката 9904, има неискористени одобрени кредитни лимити. Истиот опис важи и за сметката 9934. Каде треба да се книжат неискористените рамковни кредити? |

| | |
|---|---|
| Одговор: | Банката треба вонбилансно да го евидентира неискористениот/неповлечениот дел од одобрените рамковни кредити на клиенти на сметката 9934 - „Неискористени кредитни лимити" и на сметката 9984 - „Неискористени кредитни лимити".Банката го евидентира неискористениот дел од кредитните лимити одобрени на банката од други лица на сметките 9904, 9914, 9954 и 9964 - „Неискористени одобрени кредитни лимити на банката". |

| **тема:** | **Премин од стариот на новиот сметковен план** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 15 |
| Прашање: | На која сметка од новиот сметковен план за банките треба да се префрли постоечката сметка 9038 - „Зголемување на капиталот по основ на распределба на ревалоризационите резерви"? |
| Одговор: | Постоечката сметка 9038 треба да се прекниже на сметката 9048 - „Зголемување на резервите врз основ на распределба на ревалоризациската резерва".<br><br>По исклучок, штедилниците основани како друштва со удели, кои извршиле зголемување на капиталот врз основа на распределба на ревалоризациони резерви, пришто таквото зголемување е признаено од Народната банка и е впишано во Централниот регистар, постоечката сметка 9038 треба да ја прекнижат на соодветна сметка во рамки на сметката 903. |